| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | **Потрошувачко право** |
| 2. | **Код** | |
| 3. | **Студиска програма** | Граѓанско материјално и граѓанско процесно право |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет)** | Втор |
| 6. | **Академска година/семестар** | IV (четврта) / V (петта ) | **7.** | **Број на ЕКТС кредити** | 6 |
| 8. | **Наставник** | д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска<br>д-р Ненад Гавриловиќ<br>д-р Неда Здравева |
| 9. | **Предуслови за запишување на предметот** | / |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции):** | |
| | Целата на предметот е да ги оспособи студентите самостојно да можат да ги согледаат односите помеѓу потрошувачите и трговците и да го разберат значењето на интервенцијата на државата во создавањето и постојниот развој на обврските за заштита на потрошувачите.<br>Главни задачи на наставната програма се:<br>• Да придонесе студентите да го разберат влијанието на европското право и на невладините организации во развојот на законодавството за заштита на потрошувачите<br>• Да ги поттикне студентите критички да ја анализираат примената на правилата за заштита на потрошувачите<br>• Да развие кај студентите практичен пристап во изнаоѓањето решенија за повреда на правата на потрошувачите<br>Се очекува дека по совладувањето на наставната програма студентите да можат:<br>• Да го анализираат европското и домашното право во областа на заштитата на потрошувачите<br>• Да ја разбираат примената на правата регулатива за заштита на правата на потрошувачите<br>• Да демонстрираат вештини на решавање конкретни случаи на Повреда на правата на потрошувачите | |
| 11. | **Содржина на предметната програма:** | |
| | Потрошувачкото право е право кое ги регулира договорите и трансакциите што ги склучуваат индивидуалните потрошувачи како учесници во прометот, односно како корисници на услугите. Согласно со последните трендови во Европската унија и во светот, регулативата на потрошувачкото право стекнува исклучително значење во правните системи на развиените земји, а во последно време и во земјите во развој. На пазарот потрошувачите секојдневно стапуваат во огромен број договорни односи, со што се создава соодветна потреба од правно вообликување на областа и профилирање на стручни кадри во неа. Предметната програма опфаќа содржини како од домашната регулатива така и од директивите и регулативите на Европската унија за заштита на потрошувачите. Предметот, особено, се фокусира на механизмите за заштита на правата на потрошувачите во секојдневието, презентирајќи ги неопходните знаења потребни за ефикасна примена на прописите од областа.<br>Наставните содржини кои се обработуваат во рамките на предметната програма се наведени како тематски целини и опфаќаат:<br>1. Вовед во потрошувачкото право<br>2. Меѓународни и европски извори на потрошувачкото право<br>3. Домашни извори на потрошувачкото право | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 4. Право на потрошувачот да биде информиран за условите на продажба на производите и давање на услуги и рекламирање<br>5. Безбедност на производите и одговорност<br>6. Потрошувачки договори и посебни правила на потрошувачкото договорно право<br>7. Финансиски услуги на потрошувачите<br>8. Потрошувачите и електронската трговија (потрошувачки договори на далечина)<br>9. Потрошувачки договори склучени надвор од деловните простории на трговецот<br>10. Посебни аспекти на туризмот и заштитата на потрошувачите<br>11. Потрошувачите како корисници на услуги<br>12. Постапки за заштита на правата на потрошувачите<br>13. Институции, организации и програми за заштита на потрошувачите | | | |
| **12.** | **Методи на учење:** | интерактивни предавања, практична работа на задачи на час, симулации и анализа на случаи, видео-презентации, посета на релевантни институции, играње на улоги, излагања на практичари од областа на потрошувачкото право, правна клиника. | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 150 часа | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 3,5+0+1,2+0+5,3 | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 52,5 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 17,5 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | |
| | | 16.3 | Домашно учење | 80 |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | | 70 поени |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | | 20 поени |
| | **17.3** | **Активност и учество** | | 10 поени |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | | 5 (пет) (F) |
| | | од 51 до 60 бода | | 6 (шест) (E) |
| | | од 61 до 70 бода | | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | | | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик | | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | | |
| **22.** | **Литература** | | | |
| | **22.1** | **Задолжителна литература** | | |

| | | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1. | Галев, Г. и Дабовиќ-Анастасовска, Ј. | Облигационо право, трето издание | Просветно дело, Скопје, | 2012 |
| | | 2. | | Закон за облигационите односи | | |
| | | 3. | | Закон за заштита на потрошувачите | | |
| | | 4. | | Закон за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити | | |
| | | 5. | | Закон за безбедност на производите | | |
| | | 6. | | Закон за безбедност на храната | | |
| | | 7. | | Закон за лизинг | | |
| | | 8. | | Закон за енергетика | | |
| | | 9. | | Закон за електронска трговија | | |
| | | 10. | | Закон за електронските комуникации | | |
| | | 11. | | Закон за туристичката дејност | | |
| | 22.2 | **Дополнителна литература** | | | | |
| | | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | | 1. | Fairgrieve D., | Product Liability in Comparative Perspective | Cambridge | 2005 |
| | | 2. | Askaham & Nebbia | EU Consumer Law | Oxford | 2004 |
| | | 3. | | EU Consumer Acquis | | |